НОВА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIA, 27/7/2010

# Претставен првиот пациент со целосна трансплантација на лице

## Шпанскиот државјанин врз кој беше извршена првата целосна трансплантација на лицето во светот, и е претставен на јавноста првпат по операцијата



На вчерашната прес-конференцијата одржана во болницата „Вал д' Еброн", во близина на Барселона, каде што е опериран кон крајот на март, 31-годишниот маж кој е претставен само како Оскар, им се заблагодари на лекарите и на семејството-донатор.

За време на операцијата, која траела 24 часа, хирурзите му го отстраниле комплетното лице на донаторот, односно вилицата, носот, јаболчниците, мускулите, забите и очните капаци и како маска му ги пресадиле на пациентот.

Оскар пред пет години доживеал несреќен случај во кој лицето му било целосно унакажано. Имал проблеми со дишењето, говорот и голтањето и морал да диши и да се храни по вештачки пат.

Доктор Хоан Пере Барет, шефот на медицинскиот тим, оцени дека на Оскар ќе му биде потребна околу една и пол година кинезитерапија, но дека потоа ќе успее да врати до 90 отсто од движењето на лицето.

Пациентот ја напушти болницата и сега може да пие и да јаде полесна храна, а од пред два месеца е во состојба и да зборува. Го вратил чувството на целото лице и делумно може да ги движи мускулите на лицето, иако сé уште не може

да ги затвори очите и устата.

Само една недела по хируршката интервенција му било потребно бричење, што бил еден од првите позитивни знаци по трансплантацијата.

Еден тим француски хирурзи на почетокот на овој месец исто така изврши целосна трансплантација на лице врз помлад пациент заболен од една генетска болест.

Првото пресадување на лице, кое било делумно, е извршено во Франција во 2005 година и дотогаш во светот се извршени уште 12, од кои три во Шпанија.